Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : Медиумска писменост**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Улогата на новинарството** *(вести, мислења, новинар, новинарство, етички стандарди, непристрасност и балансираност)* | Наведува примери за информативни содржини и примери за содржини во кои се изнесува мислење | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>1. Учениците добиваат свиткани малечки парчиња хартија на кои е запишан различен збор: Интернет, списанија, весници, телевизија радио...<br>2. На даден знак од наставникот секој ученик го отвора парчето хартија и во себе го чита напишаниот збор.<br>3. Наставникот прашува кои од учениците го имаат соодветниот збор на пример ИНТЕРНЕТ и учениците ги покажуваат ливчињата и со помош на техниката бура на идеи учениците откриваат зборови кои го објаснуваат зборот ИНТЕРНЕТ (портали, вести, информации, социјални мрежи)<br>Наставникот поставува насочувачки прашања со цел да се открие какви информации добиваме преку овие медиуми.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците, поделени во групи, добиваат комплет од 8 картички со куси новинарски текстови (измислени или преземени) со наведен автор (измислен или вистински). Три од текстовите се со информативни содржини (РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР в година ќе игра во Лигата на шампионите; Започна 44 Интернационален фестивал на филмската камера „Браќа Манаки“; Преглед на сообраќајните несреќи во кои настрадале пешаци во текот на изминатата | - парчиња хартија,<br>-картички со текстови<br>-Интернет | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- Усната презентација Групни практични изведби – групна презентација |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | година), а пет со содржини во кои се изнесува мислење, при што секој текст е на различна тема (пр. здравство, култура, спорт, корупција, заштита на животна средина): Како да бидат жените позастапени во политиката; Како правилно да се храниме за да бидеме здрави; Бездомниците станаа и наша реалност; Битола повторно меѓу најзагадените градови во светот: Што мислат граѓаните за тоа?; Кој повеќе страда од булинг – момчињата или девојчињата? При тоа треба да се внимава текстовите да бидат непристрасни/ објективни (да ги исклучуваат предубедувањата на новинарите), а оние што изразуваат мислење да бидат и балансирани (да ги содржат ставовите/аргиментите на луѓето со различни гледишта во врска со проблемот)<br>Групите добиваат задача да ги анализираат текстовите и да ги групираат според тоа дали содржат само информации или, освен информациите пренесуваат и мислење.<br>Завршна активност – извлекување заклучок<br>Откако ќе ги презентираат одговорите, се поведува дискусија во што се состои разликата меѓу информативни содржини или и содржини содржини што изразуваат мислење. Врз основа на дискусијата се заклучува кои се очекуваните точни одговори (особено важно доколку некоја група не направила точна поделба на текстовите. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : • Литература, творење и изразување**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лирика**<br>**Структурни белези на поезијата**<br>*(стих, строфа, лирски субјект, мотив, поетска слика, врзан стих,слободен стих, моностих, дистих, терцина, катрен)* | Разликува **автор** од **лирски субјект** во дадени лирски песни . | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците одговараат на поставени прашања размислуваат и ја запишуваат Мрежа на темата –(Лирика)<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците читаат песна (песната „Ковач“ од Ненад Џамбазов). Учениците дискутираат во групи: Што им зборуваат овие стихови на нашите сетила, што можеме да замислиме, чуеме, мириснете, каква поетска слика создаваат стиховите кај нас? Учениците треба прво да ги пронајдат и потцртаат зборовите кои ги поттикнале да си создадат слика за она што се кажува во секој од нив. Каква е песната по должина? Дали песната може да се раскаже? Дали во неа се изразуваат чувства и расположенија? Какви се тие? Издвојте ги глаголите и заменките од песната. Во кое лице се глаголите во песната? И кога глаголите се во прво лице, дали тоа значи дека поетот пишува за себе и дека тој е ковач? Ги презентираат одговорите и се дополнуваат меѓу себе. Учениците доаѓаат до заклучокот дека ковачот од песната не е поетот, туку „гласот“ кој ги изразува чувствата и мислите и тој се нарекува лирски субјект. | - техники на учење<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Книги | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- -рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците индивдуално изработуваaат скелетен приказ за песната.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Фонетика**<br>**Акцент**<br>*(акцентиран слог, акцентен знак, определен, третосложен, динамичен, акцентирање сложени зборови)* | Правилно ги акцентира зборовите и го нагласува акцентираниот слог при читањето и при усно изразување и говорење. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на таблата пишува еднослжни, двосложни трисложни зборови и ги чита на глас, укажувајќи им на учениците да внимаваат при изговорот на зборовите.<br>Учениците согледуваат како еден глас во секој збор се нагласува посилно.<br>Се извлекуваат заклучоци што е акцент<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците слушаат аудиоснимка во кој говорникот еднаш неправилно, а друг пат правилно акцентира двосложни и трисложни зборови. Дискутираат за разликите од едната и другата снимка. Потоа повторно слушаат и анализираат. Им се објаснува дека разликите се настанати поради различното акцентирање. Наставникот чита акцентирајќи правилно и бара од учениците да го забележат повишувањето/нагласувањето на еден слог во зборот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Во завршниот дел наставникот им го презентира правилото за акцентирање: кај еднoсложните зборови, зборовите составени од два слога, при изговор се нагласува вториот слог (на пр. добар, дедо, вака итн.), а кај трисложните зборови, при изговор се нагласува третиот слог од десно кон лево (на пр. Марија, ученик итн.). Потоа | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- снимки од нарации, аудио снимки<br>-наставни листови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | учениците добиваат листа со двосложни и трисложни зборови кои треба да ги напишат поделени на слогови и да го означат слогот на кој паѓа акцентот. На крајот, учениците ги читаат на глас зборовите од листата, прво акцентирајќи ги правилно, а потоа звуковно нагласувајќи го акцентираниот слог.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ОКТОМВРИ

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Лирика Структурни белези на поезијата** (стих, строфа, лирски субјект, мотив, поетска слика, врзан стих,слободен стих, моностих, дистих, терцина, катрен) | Разликува врзан и слободен стих во дадени лирски песни | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на таблата им задава на учениците зборови во 2 колони. Учениците имаат задача да ги поврзат зборовите кои се римуваат. Се изведуваат заклучоци за тоа што е рима.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во парови добиваат две песни. Едната песна (. „Со оваа песна“ од Ванчо Николески) е со римувани (врзани) стихови, а другата (песната „Пазар“ од Бошко Смаќоски) е без римувани стихови (во слободен стих). Учениците добиваат задача да ги прочитаат песните и да ги пронајдат стиховите во кои има рими и стиховите во кои нема рими. Ги запишуваат во тетратките и презентираа.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за врзан и слободен стих во лирските песни. | Библиотека во училница, училишна библиотека Книги | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- анализа и интерпретации на литературни текстови, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Потоа имаат задача од книги кои ги има во библиотеката во училницата/ училиштето) и од други песни да наведат по еден пример за врзани стихови и по еден пример за слободни стихови.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br><br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3)  „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ОКТОМВРИ

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **ЛИРИКА Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување** *(пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет, компарација, персонификација)* | Го определува видот на дадени строфи според бројот на стиховите. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците одговараат на прашањата и активно учествуваат во составувањето на мрежата на темата. Одговараат на поставените прашања на претходните знаења за лирика<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во групи. Секоја група добива наставен лист со песни со различни видови строфи составени од различен број стихови. Ги читаат строфите и констатираат дека некои се составени од еден, два, три, четири или повеќе стихови. Наставникот ги поттикнува да размислат како се викаат строфите. Се објаснува за композицијата на песната, строфа, стих, песни според бројот на стихови,песни според организација на строфите во песната, како се викаат строфите според бројот на стиховите: моностих, дистих, терцет, катрен, па сè до децима | -енциклопедии,<br>-книги,<br>Библиотека во училница, училишна библиотека<br>-техники на учење | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br><br>Учениците добиваат извадоци од песни-строфи<br><br>Се завршува со игровна активност - Изброј, изговори точно и победи (натпревар помеѓу учениците кој најбрзо и најточно ќе ги каже видовите строфи )<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br><br>Адаптирал :<br><br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови**<br><br>**и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Фонетика**<br>**Акцент**<br>*(акцентиран слог, акцентен знак, определен, третосложен, динамичен, акцентирање сложени зборови)* | Правилно бележи со акцентски знак едносложни, двосложни, трисложни и повеќесложни зборови.. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br><br>Учениците добиваат лист со еднсложни, двосложни и трисложни зборови кои треба да ги поделат на слогови.  Наставникот од учениците бара да ги класифицираат во табела: еднсложни, двосложни и трисложни зборови и да ги акцентираат. Преку презентирање на акцентираните зборови се повторува наученото за акцент<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br><br>Учениците самостојно избираат текст (од кој било стил), го читаат пред одделението со почитување на правилата за акцент кои ги изучиле. Имаат задача активно да слушаат, да водат белешки за акцентирањето и да си даваат повратна информација по секое читање според запишаните белешки за неправилно акцентираните зборови. | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, правопис, лексикони, -текстови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br><br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br><br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br><br>- -изработките/ практичните изведби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br><br>Учениците „гласаат“ по секој слушнат збор дали е правилно изговорен или не. Наставникот објаснува дека неправилноста во изговорот се должи на неправилното акцентирање и им го презентира правилото за акцентирање: кај зборовите составени од два слога, при изговор се нагласува вториот слог (на пример: бело, рака, вака итн.), а кај трисложните зборови, при изговор се нагласува третиот слог од десно кон лево (на пример: тетратка, улица итн.).<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br><br>1 ,,Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Фонетика**<br>**Акцент**<br>*(акцентиран слог, акцентен знак, определен, третосложен, динамичен, акцентирање сложени зборови)* | Правилно бележи со акцентски знак еднослошни, двослошни, трислошни и повеќеслошни зборови.<br><br>Го идентификува и бележи акцентот кај сложените зборови | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на таблата има дадено сложени зборови: риболов, огномет, полугодие, триаголник, самобендисан, Велигден, најдобра, татковина. Учениците имаат задача да ги поделат зборовите на слогови и да откријат од колку слогови се составени. Се открива целта на часот дека зборовите се повеќесложни.<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците добиваат работен лист во кој има две колони: едната означена како колона во која се посочени зборови: оро, водач, вино, жито, дрво, ред, север, исток, запад, југ, а другата како колона во која ќе образуваат и ќе бидат запишат нови зборови составени од два дела: ороводец, виножито, дрворед, сончоглед и сл. По завршување на задачата учениците прво ги читаат зборовите што ги добиле како наведени во првата колона, а потоа ги читаат новите зборови од втората колона и ги запишуваат на таблата. Со помош на прашања учениците констатираат дека има прости и сложени зборови и дека најголем дел од сложените зборови се подведуваат под истото правило за акцентирање кое се однесува на простите, но и дека има сложени зборови кои секогаш се со акцент на вториот составен дел и покрај тоа што се повеќесложни. | -<br>-Наставни листови<br>-Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,<br>-правопис | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>. По завршената активност неколку ученици запишуваат на таблата по еден пример на сложен збор и правилно го изговараат.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Улогата на новинарството** *(вести, мислења, новинар, новинарство, етички стандарди, непристрасност и балансираност)* | Ја објаснува улогата на новинарството во општеството. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Техника – Бура на идеи-на што ви асоцира зборот новинарство.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. Учениците добиваат картички со новинарски текстови. Текстовите се користат за да се идентификуваат авторите на текстовите и да се укаже дека тие се новинари и дека текстовите се новинарски написи што се среќаваат или би можеле да се сретнат во медиумите (електронски или пишани).<br>2. Учениците следат презентација: Воведно запознавање со новинарство.<br>3. Учениците во групите добиваат по две картички од текстовите (различни комбинации за секоја група) со задача да ги анализираат од аспект на тоа: (1) кои информации или проблеми ги опфаќаат, (2) како им помагаат на читателите или влијаат врз нив и (3) како може да придонесат за секојдневниот живот на луѓето или за решавање на проблемите во општеството.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците откако ќе ги презентираат резултатите од направената анализа, заеднички се дискутира за улогата на новинарите и за важноста на новинарството за | -Игри и техники<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- речници,<br>- техничка опрема во училницата (видео бим)<br>-картички | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- рефлексивните дневници;<br>- есејските прашања;<br>- интерпретации на текстови, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | секојдневниот живот на луѓето и за демократијата во општеството.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Фонетика**<br>**Акцент**<br>*(акцентиран слог, акцентен знак, определен, третосложен, динамичен, акцентирање сложени зборови)* | Ги наведува карактеристиките на акцентот на македонскиот стандарден јазик (определен, третосложен, динамичен). | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците одговараат на насочувачки прашања поставени од страна на наставникот. Повторуваат за акцент.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во пар, добиваат текст, го читаат и од него извлекуваат десет збора по свој избор. Ги делат зборовите на слогови. Ги изговараат и забележуваат кој слог е нагласен, бележат со акцентен знак и дискутираат дали определениот акцентиран слог се менува доколку зборот добие некоја наставка или друга измена во неговата должина. На крајот учениците ги читаат на глас зборовите од листата, прво акцентирајќи ги правилно, а потоа звуковно, нагласувајќи го акцентираниот слог.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Заклучоците за карактеристиките ги даваат сами по насоки на наставникот и ги запишуваат на таблата. | -правопис<br>- Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-текстови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **ЛИРИКА Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување** *(пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет, компарација, персонификација)* | Анализира структура на дадена лирска песна и го определува мотивот на песната. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците низ техниката Бура на идеи искажуваат на што ги асоцира поимот татковина запишан на таблата. На пример, татковина-родна земја, родина, роден крај, Македонија, минато, богата историја, природни убавини, херои итн.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. Учениците читаат две песни.<br>2. Се чита песната („Што е тоа татковина“ од Видое Подгорец.) Се интерпретира песната: Какви чувства се искажуваат во неа? Како е опеана татковината? Која поетска слика ви остави најсилен впечаток? Зошто? Учениците ги изнесуваат своите мислења и коментари во однос на поимот мотив при што наставникот укажува како се делат лирските песни според мотивот и доаѓаат до заклучокот што е тоа родољубива песна. Ги издвојуваат белезите на родољубива песна и ги споделуваат заклучоците заеднички.<br>3. Учениците разгледуваат слики на пејзажи кои ги нацртале самите или ги донел наставникот. Ја читаат песната („Пејзаж“ од Васил Куновски) и работат во групи со техниката Дневник со двоен запис за да се објаснат основните белези на описните (пејзажните) песни, поткрепувајќи ги со | -Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-текстови<br>-Техники на учење | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници;<br>- пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | соодветни цитати. Групите ги презентираат одговорите.<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците индивидуално со техника грозд шематски се прикажуваат лирските песни според мотивите и нивните карактеристики<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **ЛИРИКА Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување** (пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет, компарација, персонификација) | Ги идентификува поетските слики во дадена лирска песна и ги поткрепува со стихови од песната. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците одговараат на поставени прашања размислуваат и ја запишуваат Мрежа на темата<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците индивидуално читаат песна (песната „Силата на зборовите“ од Стојан Тарапуза) која е богата со поетски слики. Потоа, учениците се поделени во групи и секоја група добива различна строфа од песната. Учениците треба прво да ги пронајдат и потцртаат зборовите кои ги поттикнале да си создадат слика за она што се кажува во секој од нив, а потоа и да ги нацртаат сликите. Групите треба да ги идентификуваат поетските слики и да ги опишат, а потоа да анализираат и интерпретираат што се изразува преку нив. Групите презентираат и се дополнуваат, а потоа ги запишуваат поетските слики од целата песна во форма на куси искази.<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>учениците ги - споредуваат поетските слики што се поттикнати од песната и објаснуваат од каде произлегуваат разликите меѓу нив.<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“, | -Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-текстови<br>-Техники на учење<br>-хамери<br>-фломастери | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>придонес во извлекување на заклучоците;<br>-домашните задачи рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките<br>-пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **ЛИРИКА**<br>**Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување**<br>(пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет, компарација, персонификација) | Анализира структура на дадена лирска песна и го определува мотивот на песната.<br><br>Ги идентификува поетските слики во дадена лирска песна и ги поткрепува со стихови од песната. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците преку презентација се потсетуваат на содржината од лектирното дело ,,Црни и жолти“ , поетот, содржина ...<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во групи. Секоја група добива по една песна од лектирата ,,Црни и жолти“ за анализа на песната и даден план за анализа на песната и различни видови техники.<br>(Петторед, скелетен приказ, дијамант, вокабулар со 4 агли, квадрант)<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат одговорите<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | -Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Книги<br>- материјал, паноа<br>- Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>-техники на учење, | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Улогата на новинарството** *(вести, мислења, новинар, новинарство, етички стандарди, непристрасност и балансираност*) | Наведува примери за информативни содржини и примери за содржини во кои се изнесува мислење | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>1. Кратка дискусија со учениците: Што гледате на телевизија? Дали некој од вас слуша радио? Кој од вас чита енциклопедија? Од каде може да добиеме нови информации?<br>2. Учениците слободно одговараат на поставените прашања.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во групи. Секоја група добива задача. Наставникот им дава на учениците материјали од електронски медиуми, од печатен медиум и од еден блог. Од дадените материјали учениците истражуваат текстови со информативни содржини и текстови во кои се изнесува мислење. Учениците во 2 колони ги пишуваат насловите на текстовите и ги анализираат.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Секоја од групите презентира, давајќи соодветно објаснување за избраните текстови. Се проверува точноста на задачата со коментари од учениците и наставникот.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“, | - -Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Списанија<br>-весници<br>- Интернет --компјутер, | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-презентација на добиени податоци од истражување во групи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЛИРИКА**<br>**Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување**<br>(пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет, компарација, персонификација) | Ги наведува стилските фигури (рима, ономатопеја, епитет,компарација, персонификација и ги илустрира со примери. )<br>Препознава и именува стилски фигури во лирски песни. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците се наредени во две колони. Играта се спроведува во пар. Едниот ученик имитира звук, шум или глас, а другиот ученик треба да погоди кое животно, предмет или појава го испушта таквиот глас. Наставникот посочува на зборовите кои означуваат гласови, звуци или шумови. Се открива целта на часот дека со стилската фигура со која се имитираат звуци од природата, гласови на животни, изразни шумови се вика ОНОМАТОПЕЈА<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1.Потоа се чита песна („Есенски оркестар“ од (Марија Величковска ). Се разговара за песната, се определува, мотив, стих, строфа, порака, а потоа се пронаоѓаат зборови кои содржат ономатопеја.<br>2. Наставникот им задава вежби на учениците да ја препознаваат ономатопејата во дадени извадоци од песни<br>3. Да напишат зборови кои ќе имитираат гласови на мачка, куче, жаба, петел<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат одговорите.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања: | Наставни листови<br>Библиотека во училница, училишна библиотека<br>Книги<br>опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>придонес во извлекување на заклучоците;<br>-домашните задачи рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките<br>-практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **ЛИРИКА Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување (***пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет, компарација, персонификација)* | Ги наведува стилските фигури (рима, ономатопеја, епитет,компарација, персонификација и ги илустрира со примери. ) Препознава и именува стилски фигури во лирски песни. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Неколку ученици кажуваат именки кои ќе им паднат напамет и се запишуваат на таблата. Потоа, поделени во групи треба на именките да им додадат придавки кои ќе ги украсат, по можност да бидат и повеќе придавки. Наставникот ги наведува дека во литературните дела придавките имаат функција да го украсат, да го разубават зборот, да придонесат за неговата сликовитост и да му придадат нови значења односно колку е придавката понеобично поврзана со именката, колку повеќе го покажува отстапувањето од вообичаеното значење, толку епитетот е поуспешен.<br>Најчесто епитетот стои пред или зад именката и открива некоја важна особина на предметите, појавите, суштествата...<br>Епитетот најчесто се искажува со придавка ,но некогаш и со именка<br>Чаша (вода)<br>бела (книга)<br>Епитетот може да се удвои:<br>На зелена планина стрмна.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. Се чита песна („Тајна-игра-смисла“ од Славко Јаневски) Се разговара за песната, се определува, мотив, стих, строфа, порака. | Наставни листови<br>Библиотека во училница, училишна библиотека<br>Книги<br>опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>придонес во извлекување на заклучоците;<br>-домашните задачи рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките<br>-практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците во групи ги пронаоѓаат зборовите кои им придаваат нови и необични значења на именките и презентираат и го откриваат поимот епитет.<br>2. Наставникот им задава вежби на учениците да препознаваат епитети во дадени извадоци од песни<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Презентација на одговорите<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Наука за јазикот** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Активности за следење на постигањата на учениците од комуникација (елементи и видови) и фонетика | Го анализира, проценува , подобрува и применува сопственото учење од стандардите од комуникација – (елементи и видови )и фонетика | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставикот ја подготвил активности за следење на учениците, ги спроведува вежбите.Наставникот обезбедува работна атмосфера, дава појаснување на часот (уредност, ракопис-читлив, обмислување, па пишување на одговорите).<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Следење на работата на учениците<br>Наставникот дава соодветна помош доколку не влијае на самостојната примена на знаењата на ученикот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Заедничко вреднување (под водство на наставникот) на вежбите според тоа колку добро ги усвоиле знаењата од комуникација (елементи и видови). Оценување и проверка на одговорите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Наставни листови<br>Квизови<br>Тестови на знења | -Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>• Одговори дадени во наставни листови;<br>• Практични вежби (читање, пишување);<br>• Домашни задачи;<br>• Одговори на квизови или тестови. |